Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ____________ година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110кV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110кV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110кV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци се изработува за се изработува за приклучување на планираната ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 346/1 и 346/10, КО Рибарци и КП 540/2, 540/4, КП 540/5, дел од КП 540/6 и КП 540/7, КО Биљаник-општина Новаци со 110kV кабел со ТС Битола 2 400/110kV. Кабелскиот систем ќе биде положен на длабочина од 1,50м. Апроксимативна површина на проектен опфат е 1,31ха. Апроксимативна должина на 110kV е 4.36км.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 07-702/9
Датум: 11.05.2023
Место: Скопје

Име и презиме
Министер

Благој Бочварски